ПРОГРАМА „ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦАТА“

# ГРАЃАНИТЕ ОДЛУЧУВААТ

## ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Програма „Форуми во заедницата“
Community Forums Programme
Programi “Forume në bashkësi“

**БИЛТЕН Бр. 2**

ДЕКЕМВРИ 2014

## Форумот по сесии

### Прва форумска сесија

**Првата форумска сесија се оддржа во хотел Фени - Кавадарци на 12.11.2014 година со почеток во 18:00 часот, во присуство на 132 жители на општината.На самата сесија беа усвоени правилата за работа на целокупниот форумски процес, и се формираше структурата на форумот од 9 работни маси.**

### Втора форумска сесија

**Втората форумска сесија се оддржа на 19.11.2014 година во хотел Фени - Кавадарци, со почеток во 18:00 часот во присуство на 79 лица. На ова сесија по принципот на евровизиското гласање, граѓаните извршија бодирање на буџетските програми за кои ќе се расправа на следните две сесии**



### Трета форумска сесија

**Третата форумска сесија се оддржа во хотел Фени - Кавадарци на 01.12.2014 година со почеток во 18:00 часот, во присуство на 67 жители, на која се извршија презентации за расходите по буџетските програми.**

### Четврта форумска сесија

**Четвртата форумска сесија се оддржа во хотел Фени - Кавадарци на 05.12.2014 година со почеток во 18:00 часот, во присуство на 68 жители, на која се извршија презентации за расходите по буџетските програми за Локален економски развој, Образование и Култура.**

### Петта форумска сесија

**Петтата форумска сесија се оддржа во хотел Фени-Кавдарци на 16.12.2014 година , во присуство на 55 лица. На последната сесија за ова година се изврши презентација на програмите и проектите за гласање**

**Вкупно 10 општини ќе спроведуваат буџетски форуми во периодот 2014/2015 година во рамки на програмата„Форуми во заедницата“, што ќе се одржат согласно термините за креирање на буџетите на секоја општина одделно. Кавадарци, Кичево, Струмица, Радовиш, Крива Паланка, Маврово-Ростуша, Новаци, Студеничани, Илинден и Гостивар се општините што се избрани за новата фаза на Програмата, во чии рамки ќе ги „кројат„ општинските буџети за 2015 година Програмата, во општина Кавадарци, ја спроведува Швајцарската Агенција за Развој и Соработка.**
**Координатор е Единицата за координација на форумите, а активно е вклучена и Заедницата на единиците за локална самоуправа (ЗЕЛС).)**

# РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2015 ГОДИНА

**Расходите на буџетот на локалната самоуправа се состојат од:**
**-Тековни трошоци(плати и надоместоци, трошоци за набавка на стоки и услуги, тековни трансфери и каматни плаќања)**
**-Капитални трошоци(купување на капитални средства и капитални трансфери)**
**-Расходите на општина Кавадарци за 2015 година се проектирани на износ од 664.957.000 денари.**
**Буџетските расходи по функции се следниве:**





# Одржани пет форумски сесии во рамки на програмата „Форуми во заедницата“

## Кавадарчани дебатираа за расходите од буџетот на општината за 2015 година

### Расходи за буџетска програма за патна инфраструктура и урбанистичко планирање

**Третата форумска сесија** во општина Кавадарци, каде за прв пат се спроведува буџетскиот форум во рамки на програмата „Форуми во заедницата“, се одржа на 1-ви Декември во хотел Фени, во присуство на 70 жители на општината.

Проекција на приходите, и презентација на расходите на општината во претходните години како и во тековната 2014, беа некои од темите на сесијата.

Раководителот на секторот за финанси Цанка Јованова направи проекција на приходите за 2015 година, по што следуваа прашања од присутните.

Помошник раководител на секторот за урбанизам, Ванчо Колевски направи презентација на расходите по програмата за патна инфраструктура за 2015 година, која е димензионирана на 43.102. 000 денари.



**Томе Лисичанец**- За ставката заштита на животната средина износот е 15.036.000 денари, но не знаеме конкретно за каква заштита се работи, за што се планирани, за загаденоста на воздухот, загадување на водата...Зошто станицата за мерење на загаденост на воздух не работи?

**Борче Ристов**- ставката за јавен ред и мир е многу ниска, побара ако може да се дуплира таа сума.

**Љиљана Славева**- поздрав за дадената шанса за учество на граѓаните во планирањето на буџетот. Програмата е стручно изработена и ставките се точно прецизирани. Праша дали постои шанса јавното претпријатие Комуналец да сноси дел од расходите, што ќе се растерети буџетот на општината? Повика на итност во изградбата на полигонот и да добие третман на јавен интерес.

### Урбанистичко планирање за 2015



Планската програма за изработка на генерални, Детални и урбанистички планови, урбанистички планови за села и вон населени места како и Локална урбанистичка планска документација вон населено место е Годишна програма и претставува основа за уредување и опремување на градежното земјиште. Планирањето има за цел дефинирање на комплементарен пристап во развојот на градот.

Планирањето се овозможува преку
Изработка на ГУП на град Кавадарци и населените места Ваташа иГлишиќ,
Изработка на нови Детални урбанистички планови
Измена и дополнување на застарени Детални урбанистички Планови
Изработка на ДУП за вон населено место
Изработка на Локална урбанистичка планска документација во населено место
Изработка на урбанистичко планска документација за туристичка развојна зона
Изработка на Урбанистичко планска документација за автокамп.

## Расходи за буџетска програма за Локален економски развој, Образование и Култура

**Четвртата форумска сесија** во општина Кавадарци,  во рамките на програмата „Форуми во заедницата“, се одржа на  5-ти Декември во хотел Фени, во присуство на  68 жители на општината.

Презентација на расходите на општината по буџетските програми за Локален економски развој, Образование и Кутлура беа од темите на сесијата.



На самиот почеток на четвртата форумска сесија од страна на член од работна група беа претставени предлозите од претходната сесија и по истите присутнуте поставуваа прашања.

**Стојан Трајков МЗ Галиште-** Селото Галиште да биде во приоритетните, да се изврши тампонирање на патот.

**Драги Јованов**-иницијатива од повеќето граѓани за забрана на движење на тешко товарни возила од Западен Булевар до Сточен Пазар.

**Љупчо Делов**- Изградба на градски пазар- кога е краен рок за отпочнување на проектот? Дали е потребно одлука од Совет за измена на режимот на сообраќајот кај ул.7ми септември?

Раководителот на секторот за ЛЕР, Тодор Ефремов ги презентираше расходите од програмата за локален развој за наредната 2015 година



Зорка В'чкова-советник за образование, направи проекција на расходите за основно и средно образование во општина Кавадарци за наредната 2015 година

На крајот на четвртата сесија граѓаните дадоа свои предлози за нови начини на собирање на приходи во буџетот на општината. По презентација на предлозите од граѓаните, се пристапи кон бодирање на програмите. Од вкупно 14 програми, за 8 од нив што освоија најмногу бодови ќе се дскутира во наредните две сесии.

По завршувањето на презентацијата за расходите за основно и средно образование, најбројни беа коментарите од работната маса Образование.

**Ангел Козаринов-** Улицата кај ООУ Димката Ангелов Габерот, која сега е двосмерна е небезбедна за учениците. Да се постават знаци за поголема безбедност. Исто така за кај зградата која се наоѓа позади училиштето да се обезбеди паркинг простор.

**Работната маса образование -**Дали се планира организирање на превоз за наставниците кои предаваат во селските училишта?

## Буџетски програми

**Програма за јавна чистота.**

**Програма за урбанистичко планирање.**

**Програма за патна инфраструктура.**

**Програма за јавно зеленило.**

**Програма за локален економски развој.**

**Програма за образование (основно и средно образование).**

**Програма за социјална и детска заштита.**

**Програма за рурален развој.**

# Петта форумска сесија

**На последната форумска сесија, се презентираше извештајот на општина Кавадарци, и резултатите од форумскиот процес, презентација на препораките и образложение по истите.**
**Модераторот Елизабета Ѓорѓиевска, на присутните им го претстави начинот на гласање и регулирање на правото на глас. После оценката на програмата.,Форуми во заедницата", од страна на учесниците, се изврши кратка презентација на програмите и проектите кој што одеа на гласање.**
**За најприортетна програма беше излгасана програмата за Локален економски развој со вкупно освоени 100 бода, а најмногу бодови освои проектот за формирање на Туристичко информативно биро кое што е во склоп на програмата за Локален економски развој.**
**На крајот на сесијата препораките, предлозите и проектите му беа предадени на преставникот од советот на општината, г-дин Слободан Ивановски, кој што истите предлози ќе му ги предаде на градоначалникот на општината.**





**Според оценката на граѓаните за најприоритетен проект за наредната 2015 година, од вкупно 25 развојни проекти кои што им беа доставени со вкупна вредност од 610.304.524 денари, проектот за изградба на туристичко информативно биро освои најмногу бодови, односно 67 бода.**
**Додека на листата за гласање на најприоритетна програма за 2015 година, спрород оценката на граѓаните, најмногу освоени бодови имаше програмата за Локален економски развој со вкупно освоени 100 бода.**
**.**

**Гоце Стојанов**, професор: Изгласавме според нашите убедувања. Лично очекувам градоначалникот и општината да ги сватат сериозно нашите предлози и да ги реализираат. Што се однесува до профилот на организирање на овој форум, целосно сум восхитен и очекувам општината и во иднина да го практикува овој начин на учество на граѓаните во креирањето на Буџетот.
**Илија Кочов,** невработен: Прекрасен пристап со кој за во наводници нас како финансиери на општината ни дава можност да си кажеме што не мачи, што сакаме општината да гради со наши пари. Очекувам предлозите кои ги усвоивме Градоначалникот и Советот да ги реализираат.
**Петре Ризов**, машински инжењер: Локалниот економски развој, како и развојот на туризмот се битни во работењето на општината. Иако јас имав мои приоритети од кои еден влезе во препораките до општинската администрација ,а се однесуваше на изградба на градски зелен пазар. Очекувам Панов, Советот и локалната админсстрација да ги сфатат многу сериозно овие наши предлози и во 2015 година да ги реализираат. Принципот на граѓански форум е интересна алатка, која би требало и натаму да се практикува во општината. 200 граѓани кои беа учесници на овие 5 сесии според мене се повеќе од доволна критична маса општината сериозно да ги свати нашите предлози.

# БУЏЕТСКИ ЦЕЛИ И НАЧЕЛА

Основна цел при подготвување и извршување на буџетот е макроекономската стабилност и одржлив и стабилен национален економски развој.

Постапката за изготвување, донесување и извршување на буџетите на општините како и известувањето за извршување на истите се заснова на следните начела:

**Сеопфатност,** кое подразбира прикажување на сите приходи и други приливи, расходи и други одливи;

**Буџетска рамнотежа,** кое подразбира вкупните приходи и приливи да ги покриваат одобрените средства со буџетот;

**Специфичност,** кое подразбира дека одобрените средства се наменуваат за посебни цели по раздели, програми, потпрограми и ставки;

**Економичност,** кое подразбира дека одобрените средства ќе се користат навремено, во соодветен износ, имајќи ги предвид квалитетот и цената;

**Ефикасност,** кое подразбира најдобар сооднос помеѓу употребените средства и постигнатите резултати;

**Ефективност,** кое подразбира остварување на поставените цели и остварување на саканите резултати;

**Транспарентност,** кое подразбира достапност на јавноста во сите фази на подготвување и извршување на буџетот; и

**Сигурно финансиско управување,** кое подразбира извршување на буџетот во согласност со ефективна и ефикасна внатрешна контрола како процес што се применува на сите нивоа на управување со финансиските средства.



**Тимот одговорен за спроведување на Буџетскиот форум во општина Кавадарци**

ЗЕЛС

Општина Кавадарци

Програмата е финансирана од:

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra